Македонија Денес, 15.6. 2000, бр.529, стр.23



Бразен 4, Искра Димитрова

МЃУНАРОДЕН СИМПОЗИУМ НА ЕКСПЕРИМЕНТАЛНАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

# Одговор на проблемот локално - глобално

*До 30 јуни во Битола се одржува меѓународен симпозиум од областа на експерименталната ликовна уметност (перформанс, инсталација, видео арт и електронска уметност), на кој учествуваат познати уметници од САД, Индија, Австрија, Франција, Германија, Чешка, Литванија и Македонија*

Симпозиумот носи работен наслов НЕ/ДА и има за цел да одговори на проблемот локално - глобално, конфронтирајќи ја локалната уметничка ликовна сцена со онаа во која делуваат уметниците што ќе дојдат од другите специфични и за нив автентични животни средини, при тоа, елаборирајќи го проблемот на локалните и универзалните културни вредности. Уметниците ќе делуваат во типични, автентични за овој регион услови, одговарајќи на ним карактеристичен начин. За време на 15- дневниот престој, ќе можат да користат атрактивни простори низ Битола за да ги презентираат нивните дела на јавни места, меѓу кои: плоштадот, старите градби, старата чаршија, реката Драгор, градскиот парк, античкиот локалитет Хераклеа, битолскиот музеј, како и локалните радио и ТВ станици, локалните весници, училишта, цркви и болници.

На уметниците ќе им биде овозможено да делуваат низ различни аспекти на естетскиот концепт, психолошкиот, антрополошкиот, социолошкиот политичкиот... за да создадат целосна слика за местото од кое се инспирирани. Низ користењето на сите видови медиуми и аспекти на локалниот живот ќе може да се истражува конфонтирањето на локалното и глобалното влијание врз мислата, кое особено силно се рефлектира на уметничката сцена.

Покрај создавањето и изложувањето на делата на уметниците, симпозиумот вклучува и каталог и веб страница со нивните размисли, конверзации и видувања на проектот, како и теоретски осврти на ликовни критичари и теоретичари.

Македонски учесници во овој интернационален проект се: Искра Димитрова, Борис Шемов, Марко Георгиев, Богдан Грабулоски, Виолета Блажеска, Слободанка Стевчевска, Весна Дунимаглоска и Небојша Вилиќ.

Минатата година, дел од овие учесници настапија на меѓународниот симпозиум во Чешка.

И.ТАСЕВ